# ANALYSIS OF COURT PRACTICE IN CHILDREN'S OFFENSES - THE SITUATION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Viktorija Kostadinoska**
"Justinian The First " Faculty of Law, UKIM, Skopje, North Macedonia,
kostadinoska_viktorija@yahoo.com

**Abstract:** The sanctions that are provided for children in a state represent one of the most significant concepts in the entire juvenile criminal law, because the method of sanctioning and the type and amount of the sanction greatly affect the development of a child. When it comes to sanctions for children in RSM, before the Law on Juvenile Justice was adopted, the provisions for sanctions were part of the Criminal Code of Macedonia.In Article 73 of the Criminal Law, we are talking about the purpose of educational measures, punishment and alternative measures, and according to it "the purpose of educational measures of punishment and alternative measures is to create protection and help for juvenile perpetrators of crimes, by exercising supervision over them , with their professional training and by developing their personal responsibility, to ensure their education, re-education and proper development. The purpose of the juvenile prison is to exert a strong influence on the juvenile perpetrators not to commit criminal acts in the future, as well as on other minors not to commit criminal acts."

A direct consequence of juvenile criminality is the increase in recidivism during the commission of crimes, that is, the early start of the "criminal career" as a rule leads to an increase in this phenomenon.

In the Republic of North Macedonia, the criminal law provisions for minors are set out in the Lex specialis - Law on Children's Justice. This law regulates the position of children and minors who have committed an act that is prescribed by law as criminal. In this paper, emphasis is placed on the analysis of court practice and the situation with child delinquency in RSM for the period from 2019 to 2021, where the crimes, sanctions and verdicts are shown.For the purposes of this paper, the necessary data were collected through relevant institutions such as the State Council for the Prevention of Child Delinquency, the Basic Courts in RSM, MIA and others, as well as many testimonies of juvenile offenders.

The data were processed and presented using statistical methods of description, comparative analysis, graphic displays and other tools in order to get a clearer picture of the problem of this paper.

**Keywords:** court practice, child delinquency, criminal-legal provisions.

# АНАЛИЗА НА СУДСКАТА ПРАКСА КАЈ ДЕТСКОТО ПРЕТСТАПНИШТВО- СОСТОЈБАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Викторија Костадиноска**
Правен факултет „Јустинијан Први", УКИМ, Скопје, kostadinoska_viktorija@yahoo.com

**Abstract:** Санкциите кои се предвидуваат за деца во една држава, претставуваат една од најзначајните концепции во целото малолетничко казнено право, затоа што начинот на санкционирање и видот како и висината на санкцијата влијаат многу на развојот на едно дете. Кога станува збор за санкции за деца во РСМ, пред да се донесе Законот за малолетничка правда, одредбите за санкционирање биле дел од Кривичниот закон на Македонија. Во член 73 од Кривичниот закон, станува збор за целта на воспитните мерки, казната и алтернативните мерки, а според него „целта на воспитните мерки на казната и на алтернативните мерки е создавање заштита и помош на малолетните сторители на кривични дела, со вршење надзор над нив, со нивно стручно оспособување и со развивање на нивната лична одговорност, да се обезбеди нивно воспитување, превоспитуваање и правилен развој. Целта на малолетничкиот затвор е вршење засилено влијание на малолетните сторители во иднина да не вршат кривични дела, како и врз други малолетници да не вршат кривични дела".

Непосредна последица на малолетничкиот криминалитет е и порастот на рецидивизмот при извршувањето на кривични дела, односно раното отпочнување на ,,криминалната кариера'' по правило води кон пораст на оваа појава.

Во Република Северна Македонија кривично правните одредби за малолетници се издвоени во Lex specialis – Закон за правда на децата. Со овој закон регулирана е положбата на децата и малолетниците кои извршиле дело кое е пропишано со закон како кривично. Во овој труд акцент е ставен на анализата на судската пракса

и состојбата со детското престапништво во РСМ за период од 2019 до 2021 година при што се прикажани кривичните дела, санкциите и пресудите. За потребите на овој труд потребните податоци беа собрани преку релевантни институции како што се Државниот совет за превенција на детско престапништво, Основните судови во РСМ, МИА и други, но и многу сведоштва за сторители на дела од малолетници.
Податоците се обработија и прикажаа со помош на статистички методи дескрипција, компаративна анализа, графички прикази и други алатки се со цел да се добие појасна слика за проблематиката на овој труд.
**Клучни зборови:** судска пракса, детско претстапништво, кривично- правни одредби.

## 1. ВОВЕД

Непосредна последица на малолетничкиот криминалитет е и порастот на рецидивизмот при извршувањето на кривични дела, односно раното отпочнување на „криминалната кариера'' по правило води кон пораст на оваа појава (Шкулич, М., 2023). Опасните сторители на кривични дела од групата на организираниот криминалитет се вклучуваат во организираните групи на криминалци кај тешките облици на криминалитет или самите ги создаваат организираните криминални групи од најнов вид (Jovancevic, N., 2023). Односот на правосудството при имплементација на малолетничкото казнено законодавство ја одредува насоченоста на развојот на казненото право во целина (Moravac, S., 2022). Во Република Северна Македонија, според Државниот совет за превенција на детско престапништво, медијацијата кон деца се применува во мал број случаи. Податоците од Годишниот извештај на Државниот совет покажуваат дека судовите во 2020 и 2018 година не упатиле ни едно дете на медијација, а во 2019 година биле упатени четири деца.но, по последните две години се бележи одреден пораст.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРА

Јавните обвинителства во 2020 година упатиле 11 деца на медијација и кај сите деца таа била успешна (Арнаудовски, Љ., Велкова, Т., 2017). Во 2019 година, биле упатени исто така 11 деца, но медијацијата успешно завршила кај седум деца, а во 2018 година од упатени три деца, успешна медијација била завршена само кај едно дете (Арнаудовски, Љ., 2017). Претседателката на Државниот совет, професорката Гордана Лажетиќ, за МИА истакнува дека Советот, заедно со неколку релевантни институции, има потпишано договор за заживување на медијацијата и за користење на нејзините можности (Albrecht, H.,2022).
Податоците од 2020 година, бележат намалување на детско престапништво, а според проф. Лажетиќ тоа се должи на пандемијата, при што поради ограниченото движење се редуцираа и можностите за вршење на кривични дела (Група автори, 2021).
*Во продолжение следуваат сведоштва на малолетници, кои имаат сторено кривично дело .*

- ***Да не го убиев јас него, ќе ме убиеше тој мене*** (Bojic, B., Ali Ahmed, A.,2019)***:***

Во моментот кога во 2005 година, поради спортски шал убил врсник, дечкото од Обреновац имал 17 години. По завршување на судската постапка, водена пред Окружниот суд во Белград, прогласен е за виновен за убиство и за нанесување на тешки телесни повреди. Осуден е на три и пол години малолетнички затвор. Набрзо после правосилната пресуда, упатен е на издржување на казната во Казнено поправниот завод во Ваљево, единствен затвор за малолетници во Србија. Таму бил од октомври 2006 година и бил еден од 25 осудени лица кои биле на отслужување казна за сторено најтешко дело.
*„Поминува некако, ми остана уште година и пол. Работам како келнер. На делото ме наведе борбата за живот. Некои ситуации не можат да се докажат, па така ни мојата.. Ситуацијата во која се најдов беше крајно глупа. Поради навивање. Прво се скаравме поради ривалството помеѓу Звезда и Партизам. Тоа се влечеше со месеци. Еден ден ги начекавме после часови. Тргнаа на мене и на брат ми. Мене ме удрија два три пати со шипка по глава, а после тоа го нападнаа брат ми. Некако успеав да извлечам нож, а потоа се случи тоа што се случи. Избодев двајца, а еден почина“.*
По игра на случајот, на судот не е докажано дали и нападнатиот имал нож кај себе. Да имал, казната би била многу поблага. *„Можевме јас и брат ми да завршиме така. Искрено, не се каам. Можеше тој да ме убие мене. Да не го убиев јас, ќе ме убиеше тој мене. Жал ми е само што го вовлеков семејството во овие проблеми. Криво ми е за се што испадна вака, но не чувствувам каење“.*
Според него, во затворот имал разни проблеми бидејќи не сакал да прифати некои работи. Не сакал да има врска со дрога, мобилни телефони, со се што било забрането. Се обидувал да избегне некои луѓе, а за оние со кои бил во контакт, тврди дека ќе му бидат пријатели за цел живот. Целта му била да излезе од затвор што побрзо, да се вработи во Електродистрибуција и да работи како секој обичен човек.
- ***Се ќе се промени додека излезам*** (Konstatinovic-Vilic, S., Kostic, M., 2021) ***:***

M.Ќ. одлучил да му помогне на пријател. Договарале убиство на таксист. Знаел дека помеѓу неговиот другар и таксистот постојат несогласувања, но не и какви. Сепак, одлучил да помогне на пријател и да го реши од маките. Таксистот кон крајот на јуни 2004 година, е убиен со куршум во тилот. После злосторството убијците го ограбиле, телото го фрлиле во канал покрај патот и побегнале со неговиот автомобил.

Во моментот кога е извршено убиството, М.Ќ. како што кажува имал *„16 и нешто години"*. Окружниот суд го осудил на најстрога казна што може да се изрече на малолетник, 10 години. После вложената жалба, Врховниот суд му ја намалил казната на осум и пол години.

*„Осуден сум поради разбојништво со смртен исход и недозволено носење оружје. Во Казнено поправниот дом во Ваљево сум веќе четири години. Другарот со кој го направив делото е во Одделот со засилен надзор. Ќе видиме, дали ќе се дружиме кога ќе излезе од таму. Тука сме каде што сме и мораме да се држиме заедно. Нема овде другари, само луѓе со можете да си поразговарате. Овде другарските односи се засноваат на интнерес".*

За времето кое го поминал во Дом, поминал сешто. При редовна контрола, кај него се пронајдени мобилен телефон, полнач. Единствено немал допир со дрога. *„Знам дека го разочарав семејството, но тие се покрај мене. Цел ми е што побрзо да се вратам на нормален пат".*

## 3. МЕТОДОЛОГИЈА

Со цел да се добие јасна слика за состојбата со малолетничката деликвенција и детското престапништво во Република Северна Македонија за потребиет на овој труд беа постаевни основна хипотеза, но и помошни хипотези со кои ќе се утврди дали во изминативе неколку години оваа појава бележи раст или намалување. Хопотезите кои беа претставени се:

- ***Хипотеза 1:*** главен мотив да се утврди состојбата со детското претстапништво во РСМ, дали тоа во изминативе неколку години бележи раст или пад,
- ***Хипотеза 2:*** кои се најчестите причини за појавата на детското престапништво и како се регулирани санкциите за овој вид на престапништво,
- ***Хипотеза 3:*** преку сведоштвата за сторените кривични дела да се утврди причината за појавата на детското претстапништво и како тие ги чувствуваат санкциите за сторените кривични дела.

Со помош на одредени податоци од МИА како и студии на случај се проверија и докажаа овие хипотези.

## 4. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Податоците кои без користени во истражувањето беа преземени од МИА, кои податоци се обработија и со помош на одредени статсистички методи се прикажаа добиените резултати. Ова беше реализирано во крајот на 2023година, при што во однос на анализата на состојбата со детското престапништво во Република Северна Македонија za period 2018-2021 се утврди следното:

Претседателката на Државниот совет, професората Гордана Лажетиќ, за МИА истакнува дека Советот, заедно со неколку релевантни институции, има потпишано договор за заживување на медијацијата и за користење на нејзините можности (Лажетиќ, Г., Нанев, Л.,2022).

Податоците од 2020 година, бележат намалување на детско престапништво, а според проф. Лажетиќ тоа се должи на пандемијата, при што поради ограниченото движење се редуцираа и можностите за вршење на кривични дела (Лажетиќ, Г., Нанев, Л.,2022).

***Графикон 1. Број на деца кои извршиле прекршок по година и пол***




Извор. МИА, [accessed, 12.05.2023],

Според податоци на МИА, од вкупно изречени 405 пресуди од Основниот кривичен суд Скопје, во период од 2019 до 2021 година, во воспитно поправен дом биле упатени шест малолетници сторители на кривично дело, две за убиство, две за тешка кражба, едно за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори и едно за непостапување според здравствените прописи за време на епидемија.

***Графикон 2. Пресуди според кривични дела сторени од малолетни лица***




Извор: МИА, [accessed, 12.05.2023],

Засилен надзор во згрижувачко семејство добиле тројца, двајца биле протерани од земјата, а со условна осуда завршил еден малолетник.
Од правосилните пресуди кон малолетни лица сторители на кривични дела од страна на Основниот кривичен суд Скопје, од изминатите три години, најмногу добиле пресуда за тешка кражба односно вкупно 102. Поради непостапување според здравствените прописи за време на епидемија биле казнети 87 малолетни лица. За насилство пресудено било им било на 51 малолетници, разбојништо 23, а тешка телесна повреда, 20 (Со доследно применување на Законот за правда на деца до намалување на деликвенцијата, МИА, достапно на https://samoprasaj.mk/naacik/so-dosledno-primenuvanje-na-zakonot-za-pravda-na-deca-do-namaluvanje-na, посетено мај 2023)

## 5. ДИСКУСИЈА

Она што и од погореизнесеното може да се види е тоа дека од вкупно изречени 405 пресуди од Основниот кривичен суд Скопје, во период од 2019 до 2021 година, во воспитно поправен дом биле упатени шест малолетници сторители на кривично дело, две за убиство, две за тешка кражба, едно за неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори и едно за непостапување според здравствените прописи за време на епидемија. Од правосилните пресуди кон малолетни лица сторители на кривични дела од страна на Основниот кривичен суд Скопје, од изминатите три години, најмногу добиле пресуда за тешка кражба односно вкупно 102. Поради непостапување според здравствените прописи за време на епидемија биле казнети 87 малолетни лица. За насилство пресудено било им било на 51 малолетници, разбојништо 23, а тешка телесна повреда 20 малолетни лица.
***Хипотеза 1:*** главен мотив за порастот ан детското престапништво се можноста на лесен начин да се стигне до одредена корист- тешките кражби, но и за жал најтештака девијантна појава- убиство,
***Хипотеза 2:*** од студиите на случај, но и од податоците на МИА се гледа дека секогаш се некои недоразбирања помеѓу малолетниците и кога малолетникотѕ се најде во ситуација да биде нападнат и од чувството на страв дека ќе биде убиен посегнува по туѓ живот. Исто и материјалната состојба на семејството или конзумирањето на наркотици се чести причини за појава на детското престапништво.
***Хипотеза 3:*** малолетниците како причини за појава на претстапништво и кривично дело може да најдуваат во многу ситуации, но најголем број од нив се каат за сторените дела, сакаат да се вратат на нормалниот живот, но се плашат од осудата на оптшетството.

## 6. ЗАКЛУЧОК

Малолетничката правда треба да се води по принципот на приоритет на правата и слободите на детето, над правата на возрасните, исто како по примерот во Германија (Stojanovc, Z., Delibasic, V., Skulic. M., 2022). Исто така, донесени се бројни прописи кои се однесуваат на децата, како и на малолетничката правда. Реформата на правосудството која е спроведена во голем број држави имала за цел да обезбеди посебно внимание во смисла на грижата и потребите на децата, а ширум регионите се воспоставени нови независни институции за правата на детето. Во Република Северна Македонија, како што е наведено во трудот, кривичноправните одредби за издвоени во Законот за правда за деца, со кој е регулирана положбата на децата иа малолетниците кои извршиле дело кое со закон е пропишано како кривично. Во овој закон се пропишани мерките за помош, нега и заштита, образование и алтернативни мери за казнување на малолетници. Општите интереси и заштитата на малолетни лица од криминал, насилство и секој облик на

загрозување на нивните права и слободи, како и правилниот развој и заштита на малолетни деликвенти, кои сториле кривично дело, нивна социјализација, претставуваат основни цели во постапување на сите надлежни органи.

**РЕФЕРЕНЦИ**

Арнаудовски, Љ., & Велкова, Т. (2017). Социјална патологија, Штип, стр.23-24,

Арнаудовски, Љ. (2017). Криминологија, Штип, стр.56,

Albrecht, H. (2022). Juvenile crime and juvenile law in the Federal Republic of Germany, Canadian scholars, press inc., pp.101-102,

Bojic, B., & Ali Ahmed, A. (2019). Krivicnopravni status maloletnija u Srbiji, Pravo teorija I praksa, стр.89,

Група автори (2018). Анализа на состојбата во установите за сместување деца во ризик и деца во судир со законот во РМ, Македонско пенолошко друштво, Скопје 2018, стр.77,

Jovancevic, N. (2023). Pravni lekovi u krivicnom postupku, Sluzbeni glasnik, Beograd, str267-269,

Konstatinovic-Vilic, S., & Kostic, M. (2022). Penologija, Sven, стр.121,

Лажетиќ, Г., & Нанев, Л. (2022). Извештај за состојбата со заштита на деца жртви на злоупотреба и занемарување согласно индикаторите за 2020, Совет за превентива против малолетничка деликвенција, Кавадарци,стр.55,

Moravac, S. (2022). Istina u krivicnom postupku, Sluzbeni glasnik, Beograd, str.175,

Со доследно применување на Законот за правда на деца до намалување на деликвенцијата, МИА, достапно на https://samoprasaj.mk/naacik/so-dosledno-primenuvanje-na-zakonot-za-pravda-na-deca-do-namaluvanje-na, посетено мај 2023.

Stojanovc, Z., Delibasic, V., & Skulic. M. (2022). Osnovi krivicnog prava 1, Sluzbeni glasnik, Beograd, str302.

Шкулич, М. (2023). Међународено кривично право, Службени гласник, Београд, 277-278,